**Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А**
**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Бр.________________**

**________________ 2011 год.**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 31 од Законот за Судски совет на Република Македонија (Сл.весник на РМ бр.60/2006) и член 6 став 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија, а во врска со член 6 став 3 од истиот Закон (Сл.весник на РМ бр.150/2010), Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на 10.02.2011 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНОНИМНА АНКЕТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СУДОТ КАДЕ КАНДИДАТОТ ЈА ИЗВРШУВА СУДСКАТА ФУНКЦИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на спроведување на анонимна анкетата на вработените во судот каде што кандидатот кој се јавил на оглас за избор на судија во повисок суд ја извршува судиската функција.

### Член 2

Судскиот совет избира судија во Апелационен суд, Управен суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Македонија од пријавените кандидати на огласот што ги исполнува условите и критериумите предвидени во Законот за судовите и Законот за Судски совет на РМ.

Советот за судија ќе избере лице кое има највисоки стручни и професионални квалитети, кое ужива углед во вршењето на судската функција, а врз основа на критериумите согласно Закон.

**Член 3**

Доколку кандидатот е од редот на судиите, Советот прибавува мислење од судот и спроведува анонимна анкета на вработените во судот каде што кандидатот ја извршува судската функција.

## II.НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНОНИМНАТА АНКЕТА

**Член 4**

Анкетата ја спроведува трочлена Комисија, формирана со Одлука на седница на судии од судот во кој кандидатот ја врши судската функција.

Комисијата е составена од двајца судии и еден преставник од стручните судски службеници.

**Член 5**

Анкетата е анонимна и се спроведува во работен ден и тоа во текот на работното време.

За денот на спроведување на анкетата, Комисијата издава соопштение на огласната табла на судот.

**Член 6**

Анкетата се спроведува на тој начин што Комисијата од член 4 на овој Правилник на вработените во судот им доставува Анкетен лист со прашања, на кои вработените го даваат својот одговор.

Вработените својот одговор на анкетното прашање го даваат со заокружување на дадените алтернативи.

**Член 7**

По давањето на одговорите на прашањата од Анкетниот лист, вработените, Анкетниот лист го стават во кутија, која за таа прилика е подготвена од Комисијата. Кутијата треба да е непрозирна.

**Член 8**

По спроведената анкета Комисијата од член 4 на овој Правилник, материјалите од спроведената анкета ги доставува до Судскиот совет на РМ.

По приемот на материјалите, трочлена Комисија формирана со одлука на Претседателот на Судскиот совет ги сумира резултатите од спроведената анкета и за тоа пополнува Записник за резултатите од анкетата.

**Член 9**

Записникот за резултатите од анкетата и образецот за содржината на Анкетниот лист е составен дел на овој Правилник.

## III. ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ

**Член 10**

Овој Правилник Советот го донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

Измената и дополнувањето на овој Правилник се врши на начин и постапка што важи за негово донесување.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен весник на Република Македонија.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александра Зафировска**